ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-320/4
04.05 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

---

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО
# НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

**Скопје, МАЈ 2022 година**

## СОДРЖИНА

Страна

ВОВЕД ---------------------------------------------------------------------------------------------- 3
1.Општи информации ------------------------------------------------------------------------ 3
2. Реализирани активности ------------------------------------------------------------------ 8
3. Деловен резултат ------------------------------------------------------------------------ 10
4. Извештај за приходи и расходи -Биланс на успех-------------------------------- 10
4.1. Приходи ------------------------------------------------------------------------------- 10
4.2. Расходи ------------------------------------------------------------------------------- 12
5. Извештај за финансиската состојба – Биланс на состојба ---------------------- 15
5.1. Нетековни средства---------------------------------------------------------------17
5.2. Тековни средства-------------------------------------------------------------------18
5.2.1. Пари и парични еквиваленти--------------------------------------------------- 18
5.2.2. Состојба на вкупни побарувања---------------------------------------------- 18
5.2.3. Состојба на залихи------------------------------------------------------------- 19
5.2.4. Состојба на вкупни обврски--------------------------------------------------- 20
6.Состојба на вработените ---------------------------------------------------------------- 22
7. Планиран иден развој ------------------------------------------------------------------- 22

## ВОВЕД

ЈП Национална радиодифузија Скопје, и во 2021-та година, редовно ги вршеше сите надлежности утврдени со Статутот на јавното претпријатие, во согласност со развојните приоритети и потенцијали. Притоа, успеа да обезбеди законитост во работењето и реализација на поставените цели и задачи, согласно Програмата за работа и развој за 2021 година.

Крајната цел во текот на годината, беше да се исполнат законските обврски заради кои е основано претпријатието, според предходно планирани цели, реални ресурси и јасни визии.

Имајќи ги предвид условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните активности, претпријатието успеа да постигне ефикасност во извршувањето на своите активности, да обезбеди навремено сервисирање на создадените тековни обврски и пренесените обврски од работењето во минатите години.

И покрај предизвиците со кои се соочивме оваа година, врз база на показателите од работењето, движењата на тековните активности и поставените цели, 2021-та година треба да се смета за успешна година во работењето на ЈП Национална радиодифузија Скопје.

Со нашата работа и постигнатите резултати, воспоставивме усогласеност на сопствениот развој со севкупниот развој, така што успеавме да понудиме квалитетен одговор на јавните потреби на граѓаните, како и а да обезбедиме одржливост и континуитет на нашата работа.

## 1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Основање***

ЈП Национална радиодифузија Скопје е основано со Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје бр.07-340/1, донесен од Собранието на РМ на седница одржана на 28.01.1998 година ( Сл. весник на РМ бр. 6/98 и дополнување во бр.98/2000). Уписот во трговскиот регистер на Основниот суд Скопје 1 е извршен под број 1463/98 од 17.06.1998 година, со регистерска влошка 02002805-7-09-000. Седиштето на ЈП МРД е во Скопје, со адреса бул Гоце Делчев бр.18, Скопје. Определени измени направени се со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП МРД

донесен од Собранието на РМ на седница одржана на 10.04.2009 година ( Сл. весник на РМ бр. 48/09 ).

***Дејност***

Основната дејност на ЈП Национална радиодифузија-Скопје е регистрирана според шифра 61.20 дејности на безжични телекомуникации – развој, проектирање, изградба и одржување на основната радиодифузна мрежа на територија на Република Северна Македонија.

Во согласност со член 5 од Законот за основање на ЈП Национална Радиодифузија – Скопје (Сл.Весник на РМ бр.6/98 и дополнување во бр.98/2000) основна дејност на Друштвото опфаќа:

- развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на основната радиодифузна мрежа на територијата на Република Северна Македонија;
- обезбедување пренос, емитување и дистрибуција на радио и телевизиски програми и други информациски содржини наменети за општ прием во слободен простор и по кабловска радио-телевизиска мрежа на територијата на Република Северна Македонија;
- обезбедување на телетекс, пренос на податоци преку радио и други услуги преку основната радиодифузна мрежа;
- обезбедување емитување на посебни програми за информирање, зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и други граѓани од Република Северна Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и други континенти;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија со радио и телевизиски сигнали емитувани од МРТ, како и контрола и мерење на пречки од други радиодифузни станици.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје. Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија

(во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

ЈП НРД-Скопје, дејностите за пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис и за експериментално пренесување и емитување програми и/или програмски сервиси ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмските сервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ)
- една радио мрежа на средни бранови (СБ)
- ТВ и радиодигитални мултиплекси

- мрежа на микро бранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Студијата за дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје дејностите за обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, како и поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

Притоа сите наведени дејности ЈП Национална Радиодифузија-Скопје ги врши согласно со Законот за електронските комуникации, правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за broadband мрежи , како и стратешките документи и планови од областа на електронските комуникации, донесени од страна на Владата.

***Известување***

ЈП НРД-Скопје има обврска да изготви и достави до Владата на Република Северна Македонија :Годишна Програма за работа и развој, Годишен извештај и Квартални извештаи, кои содржат податоци за финансиското работење.
Владата на РМ ги разгледува и дава согласност на Статутот, статусните промени, Годишната Програма за работа и развој, Ценовникот на услуги, Годишната сметка и Финансиските извештаи.

***Финансирање***

Основен извор на средствата за редовно работење и развој, односно за покривање на трошоците е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за информатичко општество и администрација. Средствата за работење, се обезбедуваати од други извори:од приходи кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен преносот и емитувањето на програмските сервиси на ЈП МРТ, донации и од други извори во согласност со закон.

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е претпријатие, кое е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните, а при извршување на своите активности, да води сметка за ефикасно и економично располагање и користење на средствата.

***Организациска поставеност***

ЈП Национална радиодифузија-Скопје, во согласност со статутарните одредби и Правилникот за организација и систематизација е организирана на ниво на деловни единици кои се распеделени на шест сектори, во кои функционираат четириесет одделенија и оддели.

***Организациска поставеност*** е како што следува:

1. Деловна единица Пренос и Емитување
    - Сектор Емисиона Техника
    - Сектор Телекомуникации
2. Деловна единица Развој и Инфраструктура
    - Сектор Инфраструктура
    - Сектор за развој и инвестиции
3. Деловна единица ЕПОР
    - Сектор за економски работи
    - Сектор за правни, кадровски и општи работи

Организациони единици надвор од деловните единици се

- Дирекција
- Самостојно одделение за Внатрешна контрола и ревизија

***Управување и контрола***

Органи на ЈП НРД-Скопје се:

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење
- Директор.

***Вработени***

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос, со состојба на 31.12.2021 година изнесува 182 лица.

***Основа за изготвување на финансиските извештаи***

ЈП НРД-Скоје, во составувањето на Годишната сметка и Финансиските извештаи, ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско

известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) во РМ и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

Во Финансиските извештаи се прикажани средствата, обврските и капиталот кои се однесуваат на работењето на претпријатието, со примена на пресметковната основа во искажување на севкупните приходи и расходи.

Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во утврдените пресметковни периоди.

Годишниот финансиски извештај за годината што заврши на 31 декември 2021-та година, содржи финансиски податоци за средствата, обврските и капиталот кои се однесуваат на работењето на претпријатието со состојба за годините што завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година.

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите во текот на годината се движеа во насока на остварување на стратешките приоритети на ЈП НРД, согласно развојните проекции содржани во Програмата за работа и развој за 2021-та година. Во текот на годината, крајната цел беше да се исполнат законските обврски заради кои е основано претпријатието, како и неговиот понатамошен развој и унапредување.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје својата основна дејност (пренос на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис-МРТ), ја остварува преку сопствена мрежа на 135 локации низ целата територија на Република Северна Македонија. На овие локации има изградени и обезбедени градежни објекти со антенски столбови, изградени пристапни патишта и обезбедено постојано електрично напојување. За Македонската радиотелевизија ЈП НРД обезбедува: пренос и емитување на програмите и програмските сервиси, размена на аудио и видео настани и матерјали низ целата територија, како и размена на аудио и видео настани и матерјали во странство.

Преку своите капацитети ЈП НРД-Скопје обезбедува покривање со телевизиски сигнал на 98% од населението во Република Северна Македонија, според дефинираните Европски стандарди за квалитет на радиодифузниот сигнал.

Во текот на годината, активностите на ЈП НРД воглавно беа насочени кон исполнување на редовните активности, што е неопходно за успешно и ефикасно вршење на основната дејност: превентивно-тековно одржување и сервисирање на постојната DVB-T, ФМ и СБ опрема, редовно одржување на

енергетската опрема, агрегатските постројки, системите за осветлување на антенските столбови, дигиталните предавателни и микробранови врски, како и редовно одржување на радиодифузните објекти во кои е сместена телекомуникациската опрема.

Во текот на 2021-та година ЈП НРД обезбеди и редовни услуги на трговските радиодифузни друштва, со изнајмување на простор во објектите и антенските столбови и напојување со електрична енергија.

Позначајни реализирани набавки, кои беа вклучени во Планот за јавни набавки за 2021-та година се: набавка на резервни делови за ФМ и DVB-T опрема, нафта за греење и агрегати, електрична енергија, електричен матерјал, гуми за моторни возила, гориво за моторни возила, компјутерска опрема.

Во интерес на работењето на јавното претпријатие, за реализација на предвидените активности се ангажираа значителни финансиски и кадровски ресурси.

Со промените во Законот за основање на ЈП НРД-Скопје во 2019-та година, согласно Националниот broadband план, ЈП НРД-Скопје е имплементатор на проектот широкопојасен Интернет (broadband мрежа).

Во текот на изминатата година, започнати се активности за обезбедување бесплатен државен WiFi за цела територија на државата на отворени јавни простори. Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и локалните самоуправи, започна процесот на обезбедувањето бесплатен државен Wi-Fi интернет на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава, што е во согласност со Националниот оперативен план за широкопојасен интернет.

Активостите на тимот на ЈП НРД-Скоје, во реализација на Националниот broadband план, беа насочени кон прибирање на податоци и нивна обработка, за изготвовање на Студијата на изводливост на Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ). Според точка 1.9. од Национален оперативен broadband план – Мапирање на јавни институции и општини, ЈП Национална радиодифузија обезбеди ГИС платформа за мапирање и изврши внесување на податоците во ГИС платформата.

Дел од планираните капитални инвестирања и активности за 2021-та година, кои беа вклучени во Програмата за работа и развој за 2021-та година, останаа нереализирани, пред се пради отежнатите услови предизвикани од

КОВИД-пандемијата, финансиската криза, дополнително и од енергетската криза.

Исто така, не се набавија во целост потребните резервни делови и материјали, не се извршени до крај планираните санации на градежни објекти, не е извршена реконструкција на антенските столбови, како и голем дел од планираните услуги не се реализираа.

## 3. ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето и финансискиот резултат за истата година.

Во периодот од 01.01 до 31.12.2021 година, ЈП НРД-Скопје реализира вкупни приходи во износ од 247.791.932 денари и вкупни расходи во износ од 224.677.900 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка или добивката од работењето.

На крајот од 2021-та година, ЈП НРД Скопје искажа позитивен деловен резултат – вишок на средства пред оданочување - добивка од работењето во износ од 23.114.032 денари. Пресметан е данок на добивка во износ од 3.842.930 денари, по процент утврден со Законот за данок на добивка и врз основица утврдена во Даночниот биланс, зголемена за непризнаени расходи за даночни цели. Вкупниот вишок на средства по оданочување - добивка по оданочување за 2021-та година изнесува **19.271.102 денари**.

## 4. Извештај за приходи и расходи -Биланс на успех

### 4.1. Приходи

Во периодот од 01.01 до 31.12.2021 година, ЈП НРД-Скопје реализира вкупни приходи во висина од 247.791.932 денари. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, вкупните приходи се намалиле за 6,43 проценти.

**Приходи од продажба**, во анализираниот период се остварени во износ од 17.768.342 денари**.** Приходите од продажба учествуваат со 7,17 % во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини, односно закупнини, за користење на простор за сместување на опрема од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други

правни лица. Приходите од продажба во однос на минатата година, се зголемиле за 3,76 проценти.

**Останатите приходи** се реализирани во висина од 222.605.823 денари, кои ангажираат 89,83 % проценти од вкупно остварените приходи. Останатите приходи, споредени со реализацијата од минатата година бележат намалување од 9,77%. Истите се однесуваат за остварен приход од:

- приходите по основ субвенции(МИОА) 216.450.000 денари
- одложени приходи од државни подршки 3.936.478 денари
- приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски 2.191.733 денари
- останати приходи од судски наплати 27.612 денари.

Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност, во анализираниот период изнесуваат вкупно 216.450.000 денари, што претставува намалување од 10,48%, споредено со минатата година. Во вкупно остварените приходи, приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ учествуваат со 89,84 проценти.

**Финансиските приходи,** во периодот од 01.01 до 31.12.2021 година се реализирани во износ од 7.417.767денари, што претставува зголемување за повеќе од 6,5 пати споредено со минатата година. Во вкупно остварените приходи учествуваат со 3,00 проценти, а се однесуваат на камати за прилив на средства на трансакциските сметки и од денарските депозити (7.412.615 денари) и позитивни курсни разлики (5.152 денари).

**Преглед на вкупни приходи (според Биланс на успех)**

| **ПРИХОДИ**<br>1 | **2020 година**<br>2 | **2021 година**<br>3 | **Индекс 4/2*100**<br>4 | **Структура**<br>5 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 17.124.777 | 17.768.342 | 103.76 | 7,17 |
| Останати приходи | 246.708.784 | 222.605.823 | 90,23 | 89,83 |
| Финансиски приходи | 986.304 | 7.417.767 | 752,08 | 3,00 |
| **ВКУПНО:** | **264.819.865** | **247.791.932** | **93,57** | **100** |

### 4.2. Расходи

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во период од 01.01 до 31.12 2021 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 224.677.900 денари. Споредени со расходите остварени во истиот период од 2020 година, се реализирани за 10,84% повисоко.

**Преглед на вкупните расходи по групи (според Биланс на успех)**

| Група | Остварени расходи за 2020 г. | Остварени расходи 2021 г. | Индекс 4/2*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40-Трошоци за суровини, матерјал,енергија, резервни делови и ситен инвентар | 40.807.517 | 49.131.337 | 120,40 | 21,86 |
| 41-Трошоци за услуги од тековни потреби | 29.291.855 | 9.104.264 | 31,08 | 4,05 |
| 42-Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 68.689. 176 | 109.319.492 | 159,15 | 48,66 |
| 43-Трошоци за амортизација | 36.120.309 | 26.896.189 | 74,46 | 11,97 |
| 44-Останати трошоци од работењето | 27.325.769 | 13.067.566 | 47,82 | 5,82 |
| 45-Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства | 291.367 | - | - | - |
| 46-Останати расходи од работењето | 142.091 | 17.081.759 | 12.021,7 | 7,60 |
| 47-Финансиски расходи | 32.628 | 77.293 | 236,89 | 0,04 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **202.700.712** | **224.677.900** | **110,84** | **100** |

<u>**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**</u>, во период од 01.01. до 31.12.2021 година се остварени во вкупен износ од 49.131.337 денари**,** а се однесуваат на:

- трошоци за матерјали 475.721 денари
- трошоци за енергија 48.485.821 денари
- трошоци за резервни делови и матерјали 100.050 денари
- трошоци за ситен инвентар и автогуми 69.745 денари.

Оваа група на трошоци во вкупните расходи учествува со 21,86 проценти. Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови, во однос на минатата година, се зголемиле за 20,40 проценти.

Во структурата на групата најголемо учество имаат трошоците за енергија ( 98,69%), кои се во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите, кои во вкупните расходи учествуваат со 21,58 проценти.

Трошоците за енергија се однесуваат на: трошоци за електрична енергија (36.585.582 денари); трошоци за дистрибуција на електрична енергија (6.733.193 денари); трошоци за затоплување на простор (1.458.909 денари); трошоци за енергија-нафта (2.237.908 денари) и трошоци за гориво на моторни горива ( 1.458.909 денари).

**<u>Трошоците за услуги од тековни потреби</u>** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 9.104.264 денари, што претставува намалување од 68,92 % споредено со минатата година.

Вкупно остварените трошоци од групата опфаќаат 4,05% од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, а се однесуват на :

- транспортни услуги 611.851 денари
- поштенски и телефонски услуги,интернет 1.215.557 денари
- услуги на заштита и одржување 3.240.093 денари
- наем-лизинг 2.677.551 денари
- комунални услуги 1.105.236 денари
- останати услуги 253.976 денари.

Во структурата на остварените трошоци за услуги од тековни потреби, најголемо учество имаат услугите на заштита и одржување (35,59 %), кои се однесуваат на трошоци за одржување на: услуги за тековно и инвестиционо одржување на недвижнини, постројки и опрема (1.657.482 денари); сервис и одржување на моторни возила (443.407 денари) ; услуги за обезбедување на имот (1.032.500 денари) и услуги за одржување на софтвер и веб страница (106.704 денари).

**<u>Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,</u>** се реализирани во износ од 109.319.492 денари. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 48,66 %. Споредени со истиот период од минатата година, платите и надоместоците од плата бележат пораст од 59,15 проценти.

По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци: плата и надоместоци од плата-бруто (106.131.927 денари ) и останати трошоци за вработените (3.187.565 денари ) .

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на:

- бруто плати-основна плата 57.004.265 денари
- додаток за прекувремена работа 114.237 денари
- надоместок за државен празник 1.366.625 денари
- додаток за ноќна работа 2.847.776 денари
- додаток за сменско работење 1.360.617 денари
- надоместок за годишен одмор 2.850.445 денари
- минат труд 4.814.004 денари
- надоместок за боледување 264.092 денари
- придонеси 29.702.930 денари
- персонален данок од плата 5.806.936 денари.

**<u>Трошоците за амортизација</u>** се остварени во висина од 26.896.189 денари. Споредении со истиот период од минатата година, бележат пад од 25,54 %. Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 11,97 проценти.

Амортизација се пресметува на средствата и недвижнини (градежни објекти) со кои располага ЈП НРД . Најголемиот дел на активната опрема, на која се пресметува амортизација е ДВБ-Т опрема, набавена со средства од Буџетот на РМ, а исто така се пресметува амортизација на останата телекумуникациска опрема и возила, набавени со сопствени средства.

**<u>Останатите трошоци од работењето</u>** опфаќаат 5,82% од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, истите во 2021 година се реализирани во вкупен износ од 13.067.566 денари. Споредении со истиот период од минатата година, останатите трошоци значително се намалиле за 52,18 проценти.

Во оваа група на расходи се опфатени трошоците за :

- дневници за службени патувања во земјата 589.203 денари
- надоместоци за трошоци за вработените 127.480 денари
- надомести на органи на управување и надзор 1.816.663 денари
- трошоци за спонзорства и донации 309.250 денари
- трошоци за репрезентација 435.330 денари
- трошоци за осигурување 2.033.184 денари

- банкарски услугии трошоци на платен промет 129.740 денари
- членарини и други давачки 571.662 денари
- административни и судски такси 1.930.367 денари
- останати трошоци 5.124.687 денари.

Во групата *останати трошоци од работењето,* најголемо учество има позицијата останатите трошоци , кои учествуваат со 39,21%, а се однесуваат на трошоци : адвокатски и нотарски услуги (1.430.733 денари), трошоци за договор за дело (656.799денари), трошоци за ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања (2.495.858 денари), трошоци за стручна литература, весници, списанија (38.235 денари), услиги за ревизија на финансиските извештаи (206.500 денари), трошоци за едукација,сертификација и сл.(287.462 денари) и трошоци за здавствени прегледи (5.200 денари). Во оваа група на трошоци значително е и учеството на трошоците за даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки (19,14 %), кои главно се однесуваат на платени судски и администратративни такси (1.930.367 денари).

**Групата останати расходи** во период од 01.01 до 31.12 од 2021 година, бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 17.081.759 денари. Оваа група ангажира 7,6% од остварените вкупни расходи во 2021 година. Споредении со истиот период од минатата година, овие трошоци значително се зголемени, а се однесуваат на дополнително утврдени расходи од предходни години (96,39% отпаѓаат на присилно наплатената камата на данок од добивка, додека 3,61% отпаѓаат на трошоци за одржување на агрегати, трафостаници, репарации на РДО Овче поле и Пелистер).

**Финансиските расходи** во 2021 година се остварени во вкупен износ од 77.293 денари, а се однесуваат на камати од работењето. Споредени со истиот период од минатата година, финансиските расходи бележат пораст од 136,89 проценти.

## 5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА - БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба е кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот, кои произлегуваат од сите активности во претпријатието, од неговото основање до денот на составување на билансот.

Вкупната вредност на активата, односно пасивата во Билансот на состојба на 31.12.2021 година изнесува 768.722.024 денари, и истите се врамнотежени.

| ПОЗИЦИЈА | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|
| **АКТИВА-СРЕДСТВА** | **777.670.813** | **768.222.024** |
| Нетековни средства | 529.432.408 | 505.527.314 |
| Тековни средства | 246.890.479 | 261.544.643 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи(АВР) | 1.347.926 | 1.150.068 |
| **ПАСИВА-КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **777.670.813** | **768.222.024** |
| Основна главнина | 365.359.905 | 365.359.905 |
| Резерви | 6.299.067 | 6.299.067 |
| Задржана добивка и добивка за финансиската година | 320.912.071 | 340.183.173 |
| Обврски | 58.735.564 | 34.273.805 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди (ПВР) | 26.364.206 | 22.106.074 |

Активата ја сочинуваат долгорочните (нетековни) средства и тековните средства. Во структурата на активата, нетековните средства ангажираат 65,80 проценти , а тековните средства 34,2% .

Активата во Билансот на состојба на 31.12.2021 година изнесува 768.222.024 денари. Споредено со минатата година, нетековните средства се намалиле за 4,52%, додека тековните средства се зголемиле за 5,93 проценти. На 31.12.2021 година, се евидентирани и трошоци кои ќе се рализираат во наредните периоди (премии за осигурување) во износ од 1.150.068 денари. Активните временски разграничувања, споредени со истиот период од минатата година се намалиле за 14,68%.

Пасивата во Билансот на состојба на 31.12.2021 година изнесува 768.222.024 денари.

Основната главнина (државен капитал) изнесува 365.359.905 денари и е непроменета од минатата година. Вкупните обврски (краткорочни и долгорочни), споредении со минатата година се намалиле за

41,65 проценти. Вкупните одложени приходи (ПВР) изнесуваат 22.106.074 денари, кои во однос на минатата година се намалиле за 16,16%. Истите се однесуваат на приходи стекнати по основ на добиени донации на нетековни средства.

### 5.1. Нетековни средства

Вкупната вредност на нетековните средства на 31.12.2021 година изнесува 505.527.314 денари.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематерјалните и матерјалните средства на ден 31.12.2021 година се прикажани во следнава табела:

| **Вид на средство** | **Состојба 31.12.2020** | **Состојба 31.12.2021** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Нематерјални средства** | 19.039.729 | 19.039.729 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.729 | -19.039.729 |
| Сегашна вредност на нематерјални средства | 0 | 0 |
| **Матерјални средства** | | |
| 010 Земјиште | 218.891.094 | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 | 273.452.444 |
| 012 Постројки и опрема | 1.218.085.259 | 1.220.433.973 |
| 013 Алат, погонски и канцелариски ,мебел инвентар и транспортни средства | 131.804.409 | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на матерјални средства | -1.312.158.416 | -1.339.054.605 |
| Сегашна вредност на матерјални средства | 529.432.408 | 505.527.314 |
| **Нетековни средства** | **529.432.408** | **505.527.314** |

### 5.2 . Тековни средства

#### 5.2.1. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни) и готовината во благајна.

Состојбата на паричните средства е прикажана во следнава табела:

| **Опис** | **Состојба на 31.12.2020** | **Состојба на 31.12.2021** |
|---|---|---|
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 94.553.226 | 181.740.927 |
| 102-Парични средства на благајна | 85.727 | 411.753 |
| 103-Девизни сметки | 424 | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | 75.594 | - |
| **Вкупно парични средства** | **94.714.970** | **182.153.104** |

### 5.2.2 Состојба на вкупните побарувања

Вкупните ненаплатени побарувања на 31.12.2021 година изнесуваат **18.171.684** денари.

Состојбата на вкупните побарувања е прикажана во следнава табела:

| Сметка | **Состојба на 31.12.2020** | **Состојба на 31.12.2021** |
|---|---|---|
| **1.Краткорочите побарувања** | **20.253.601** | **17.021.618** |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 438.930.784 | 441.569.522 |
| 122-Дадени аванси во земјата | 10.720 | - |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 | 1.186.706 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 | 53.778.964 |
| 129-Вредносно усогласување на побарувањата | -482.975.594 | -480.817.310 |
| 133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 9.882.431 | 848.914 |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 33.084 | 68.917 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 208.808 | 240.700 |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 | 145.205 |
| **2.Краткорочни финансиски средства** | **70.000.000** | **-** |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг | 70.000.000 | - |
| **3.Платени трошоци за идни периоди и** | **1.347.926** | **1.150.067** |

| | | |
|---|---|---|
| **пресметани приходи(АВР)** | | |
| 191-Однапред платени зависни трошоци за набавка | 1.322.876 | 1.150.067 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 | - |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 | - |
| **Вкупно побарувања (1+ 2+3)** | **91.601.527** | **18.171.684** |

**Краткорочни ненаплатени побарувања** на 31.12.2021 година изнесуваат 17.021.618 денари, што претставува намалување од 15,96 % споредено со истиот период претходната година. Истите, се однесуваат на следните видови: побарувања од купувачи, побарувања од казнени камати, сомнителни и спорни побарувања, вредносно усогласување на побарувања по основ радиодифузна такса, побарувања за повеќе платен данок од добивка, побарувања од вработените за аконтации за службени патувања и останати побарувања од вработените.

На 31.12.2021 година, се евидентирани **трошоци за идни периоди** (активните временски разграничувања) во износ од 1.150.068 денари, што претставува намалување од 14,68% споредено со истиот период претходната година.

### 5.2.3 Состојба на залихи

Вкупните залихи на 31.12.2021 година изнесуваат 62.369.921 денари, што претставува зголемување од 0,72 проценти во однос на истиот период од минатата година.

Залихите на суровини и матерјали ангажираат 82,05% од евидентираните вкупни залихи на крајот на годината, а се однесуваат на следните материјали: електричен матерјлал (5.249.429 денари); технички матерјал (18.696.996 денари); матерјал за хигиена и техничко одржување (3.411.282 денари) ; електричен матерјал Проект дигитализација ( 3.443.097 денари) ; технички матерјал Проект дигитализација (15.153.493 денари); електричен матерјал Проект образование (928.412 денари) ; останати суровини и матерјали (4.293.662 денари).

Состојбата на залихите е прикажана во следнава табела:

| Опис | Состојба на 31.12.2020 г. | Состојба на 31.12.2021 г. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 50.748.852 | 51.176.371 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.365.648 | 10.364.904 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 | 7.032.815 |
| 352-Амбалажа и автогуми во употреба | - | 21.240 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 | -7.122.745 |
| **Вкупно залихи** | **61.921.909** | **62.369.921** |

### 5.2.4 Состојба на вкупни обврски

Вкупните обврски на евидентирани во сметководствената евиденција на 31.12.2021 година изнесуваат 56.379.879 денари.

Состојбата на вкупните обврски е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба на 31.12.2020 | Состојба на 31.12.2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **1.Краткорочни обврски** | **42.899.070** | **33.212.557** |
| 221-Обврски кон добавувачите во земјата | 10.213.026 | 16.816.788 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | - | 4.770.094 |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | 236.932 | - |
| 230-Обврски за данок на додадена вредност | 1.335.680 | 256.652 |
| 234-Обврскиза даноци за плати и надоместоци на плата | 15.628 | - |
| 235 -Обврски за персонален доход | 7.148 | 14.282 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку платени приходи | 30.047.302 | - |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 327.733 | 366.565 |
| 241- Обврски за надоместоци на | 64.979 | 17.720 |

| | | |
|---|---|---|
| вработените | | |
| 242- Останати обврски на вработените по Колективен договор | 167.394 | 58.290 |
| 249- Останати обврски на вработените | 262.174 | 408.086 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | 6.702 | 153.899 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 13.327 | - |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 3.973 | 151.891 |
| 253- Обврски за наемнини | 197.372 | 198.290 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | -302 | 10.000.000 |
| **2.Долгорочни резервирања** | **1.061.248** | **1.061.248** |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 | 1.061.248 |
| **3.Долгорочни обврски** | **14.775.246** | - |
| 283- Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | 4.775.246 | - |
| 286- Долгорочни обврски врз основа на крдити и заеми од странство | 10.000.000 | - |
| **4.Одложено плаќање на трошоци и приходи(ПВР)** | **26.364.206** | **22.106.074** |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.594 | - |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 26.780.800 | 22.106.074 |
| **Вкупно обврски(1+ 2+3+4)** | **85.099.770** | **56.379.879** |

Краткорочни обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 33.212.557 денари, што претставува намалување од 22,58 %, споредено со истиот период претходната година. Долгорочните резервирања на крајот од годината изнесуваат 1.061.248 денари.

Вкупните одложени приходи (ПВР) со состојба на 31.12.2021 година, се евидентирани во износ од 22.106.074 денари, што претставува намалување од 16,16%, споредено со истиот период претходната година. Истите се однесуваат на приходи стекнати по основ на добиени донации како државна поддршка во телекумуникациона опрема, кои се корегирани за ефектот на одложен приход.

## 6. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вкупниот број на вработени, со состојба на 31.12.2021 година изнесува 182 лица. Во однос на минатата година бројот на вработените се зголемил за 62 лица.

Состојбата на вработените во ЈП НРД-Скопје по квалификации е дадена во следната табела:

| | ВСС | ВС | ССС | НСС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **31.12.2020** | **27** | - | **82** | **11** | **120** |
| Структура | 22,50 | - | 66,33 | 9,17 | 100 |
| **31.12.2021** | **47** | - | **123** | **12** | **182** |
| Структура | 25,82 | - | 67,59 | 6,59 | 100 |

## 7. ПЛАНИРАН ИДЕН РАЗВОЈ

ЈП Национална радиодифузија – Скопје е јавен радиодифузен оператор на територијата на РСМ, кој се грижи за обезбедување, оптимална чујност и гледаност на програмите на територијата на Република Северна Македонија, што се емитуваат преку основната радиодифузна мрежа.

ЈП Национална радиодифузија ќе продолжи во 2022-та година да обезбедува висококвалитетна и навремена реализација на програмските сервиси на телевизиските канали на Јавниот радиодифузенсервис (Македонската радиотелевизија), кои продолжуваат да се емитуваат преку двата мултиплекси од Проектот Дигитална телевизија - ДВБ-Т: телевизиската прва, втора и трета програма, спортска и детска програма и собраниски канал, како и пренос и емитување на радио програмите (СБ и ФМ).

Исто така, во исполнување на редовните активности во согласност со постојните законски задолженија, и во идната година е предвидено: подобрување на инфраструктурата и нејзино прилагодување на реалните потреби, зголемување на сигурносно безбедносните услови, обезбедување на соодветно напојување и непрекинат режим на работа во делот на енергетиката, како и подобрување на условите за сместување на опремата.

Согласно Програмата на ЈП НРД-Скопје Проекти 2022 – 2025 година, ЈП Национална Радиодифузија во 2022-та година ќе продолжи со реализација на следните проекти:

- Зајакнувањена ТВ и ФМ сигналите во граничните делови на Република Северна Македонија;

- Воведување на динамички сигнал за поквалитетно следење на трите програми на македонското радио на целата територија на Република Северна Македонија;
- Воведувањето на дигитално радио овозможува поефикасно користење на радиофрекфенцискиот спектар, подобар квалитет и поголема отпорност на пречки;
- Дигитализација на среднобрановиот сигнал за следењена македонското радио на поголеми далечини;
- Проширувањена ДВБ-Т системот за пренос и емитување на новите Програмски сервиси на М РТ;
- Пренос на аудио и видео содржини преку INTERNET;
- Проширување на микробрановите капацитети;
- Воведување на ДАБ + (ДигиталноРадио) во Република Северна Македонија;
- Широкопојасен интернет (Броад бенд Мрежа) ;
- Ревитализација и санацијана СБ (средно-бранов) предавател во Овче Поле со замена на дефектирани делови и овозможување на работа на трите блока, со што ќе се постигне максимална чујност.

Реализацијата на сите проекти е планирана да заврши заклучно со 2025-та година, од кои половина би завршиле во 2023 година.

ЈП Национална радиодифузија е имплементатор на проектот Широкопојасен интернет (broadband мрежа), што опфаќа обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, со фокус на определените бели зони и оправдани сиви зони. Оваа мрежа се фокусира на три главни столбови, почнувајќи од зголемување на пристапот до брз интернет на сите домаќинства, особено до руралните места, поврзување на сите јавни институции со оптичка интернет конекција и воведување на бесплкатни WI-FI точки на фреквентни места во сите општини.

И во наредната година се предвидува да продолжат активностите за обезбедувањето бесплатен државен Wi-Fi интернет на јавни простори.

Едено од значајните сегменти кои сакаме да го потенцираме, е што ЈП НРД своето работење го темели на начин со кој се обезбедува:

- техничко-технолошко единство на системот;

- ефикасност во работењето, како и усогласеност на сопствениот развој со севкупниот развој;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- транспарентност и недискриминација во работењето;
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите;
- функционална поврзаност со радиодифузните системи на другите земји во светот во согласност со меѓусебни договори што ги склучила, односно им пристапила Република Северна Македонија.

**Управен одбор на ЈП НРД**
**Претседател,**
**Дионис Танаскоски**